Отворена работна позиција

Сменски раководител

РАБОТНИ ЗАДАЧИ:

- **Организирање и контрола на производствениот процес:** го организира, координира и контролира производствениот процес во погонот за секундарно и терцијално дробење, со цел обезбедување континуирана, ефикасна и безбедна работа;
- **Организирање на работата во смената:** ја организира работата и ги распределува работните задачи на вработените во смената, го следи нивното извршување и се грижи за одржување на работната дисциплина;
- **Надзор над техничката опрема:** управува, врши надзор и ја контролира работата на техничката опрема во погонот, вклучувајќи дробилки, транспортери, хранилки-дозери за руда и пумпи;
- **Евиденција и известување:** води потребна евиденција за работата на погонот и навремено известува за текот на производствениот процес, забележаните отстапувања и дефекти;
- **Координација со други оддели:** ја координира работата со одговорните во Површински Коп и Флотација заради усогласено одвивање на производствениот процес;
- **Пријавување и отстранување дефекти:** ги пријавува дефектите на опремата и, во соработка со вработените во смената и согласно овластувањата, учествува во нивното отстранување;
- **Подготовка на документација и сменски извештаи:** изготвува документација и сменски извештаи за преработената руда и води дневник на активностите во смената;
- **Управување со системи за контрола:** управува со автоматските и полуавтоматските системи во погонот и ја следи нивната работа согласно технолошките упатства и процедури;
- **Други работни обврски:** по потреба извршува и други сродни работни задачи во рамките на стручноста и овластувањата;

ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ:

- Високо стручно образование (задолжително Рударски факултет);
- Познавање на технолошките процеси за преработка на руда;
- Познавање на работа со **MS Office**;
- Познавање на **англиски јазик**.

ШТО НУДИМЕ:

- Конкурентни услови за работа со месечна плата која одговара на квалификациите и искуството;;
- Обезбеден оброк и превоз до и од местото на работа;
- Работна околина според највисоки европски норми за безбедност и здравје при работа;
- Почетен договор на определено време, со можност за продолжување.

РАБОТНО ВРЕМЕ:

Работа во смени со следниот распоред:

- 06:00-14:00 часот
- 14:00-22:00 часот
- 22:00-06:00 часот

Доколку сте заинтересирани за оваа позиција, Ве молиме да го испратите Вашето CV (работна биографија) на македонски јазик на **hr@bucim.mk**, заедно со копија од дипломата за завршено образование. Во предметот на пораката наведете "Оглас за Сменски раководител ".
Краен рок за поднесување на апликации: 27.10.2026 година.
Само селектираните кандидати ќе бидат повикани на интервју. Нецелосно пополнетите CV и непотполна документација нема да бидат разгледани.
ДПТУ Бучим ДООЕЛ го задржува правото да не ја пополни огласената позиција.

Со Вашето доставување на CV се согласувате истото да биде задржано во нашата база на кандидати во времетраење од 12 месеци.

РУДНИК ЗА БАКАР БУЧИМ | COPPER MINE BUCIM